РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 18.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4157/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работно ангажирање на лица, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Никола Мицевски
Гордан Кориќеровски
Дафина Стојаноска
Ели Панова
Тони Рагевски
Сергеј Попов
SARANDA IHEKI
Kaltrina Beqiri
Јован Јауристовски
Драгана Бојовска

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕ
ДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

.

Скопје јуни 2026 година

**ВОВЕД**

**I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Со Законот за работно ангажирање на лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/25) се уредуваат условите за работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена или сезонска природа, правата и обврските на ангажираното лице и работодавачот, постапката на пријавување на ангажираните лица, како и плаќањето и пресметката на данокот на личен доход, придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување.

Законот за работно ангажирање на лица стапи на сила на 01.01.2026 година и во текот на неговата примена се појави потреба од доусогласување на одредени одредби во однос на бројот на деновите за ангажирање на лицата. Со предложените измени се уредува бројот на денови во кои едно лице може да биде работно ангажирано, како и квантитативните ограничувања во однос на бројот на лица кои работодавачот може истовремено да ги ангажира, со цел да се прилагоди на реалните потреби на работодавачите, особено во дејноста на објектите за сместување и сервисните дејности за храна, во која постои изразена сезонска неурамнотеженост на побарувачката за работна сила.

Имајќи во предвид дека работното ангажирање согласно овој закон се одликува со висок степен на флексибилност и честа непредвидливост во однос на почетокот на работниот ден при практичната примена на законот беше утврдено дека треба да се направат промени во постапката за пријава и одјава на работно ангажираните лица, како и однапред определените рокови за пријавување според смените (10:00, 15:00 и 22:00 часот), и утврдените часови за пријавување да се заменат со критериумот „почеток на смена“, со што ќе се овозможи поедноставна и поефикасна примена на законските одредби.

Дополнително, ограничувањето на бројот на лица кои можат да бидат работно ангажирани во дејностите од областа на угостителството и туризмот во практиката беше предмет на различни толкувања од страна на надлежните институции. Заради обезбедување поголема правна сигурност, унифицирана примена на законот и надминување на воочените проблеми, се предлага соодветна измена на оваа одредба.

Предложените измени и дополнувања исто така имаат за цел и усогласување со Законот за инспекциски надзор.

Со предложените измени и дополнувања се обезбедува појасна и поефикасна примена на законските одредби, се намалуваат административните оптоварувања за работодавачите, се зајакнува правната сигурност на сите засегнати субјекти и се врши усогласување на одредбите за инспекциски надзор и прекршочните санкции со постојната законска материја.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за работно ангажирање на лица се заснова на истите цели и начела кои се уредени со Законот за работно ангажирање на лица.

**III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работно ангажирање на лица не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

**IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ**

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

**V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работно ангажирање на лица да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА

Член 1

Во Законот за работно ангажирање на лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/25), членот 11 се менува и гласи:

„(1) Работодавачот од членот 6 од овој закон, за видовите на работите наведени во членот 5 од овој закон, може да ангажира лица за вршење на работи од сезонска или повремена природа најмногу до 180 дена во текот на една календарска година, независно дали работното ангажирање е со прекин или без прекин, сметајќи ги календарските денови од првата пријава во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до последната одјава, при што се бројат само деновите кога има работно ангажирани лица.

(2) Работодавачот од членот 6 од овој закон не може да ангажира лице кое е во работен однос кај тој работодавач за вршење дополнителна или друг вид работа од сезонска или повремена работа.

(3) Лицето може да биде работно ангажирано кај повеќе работодавачи.

(4) Вкупното работно ангажирање на лицето кај сите работодавачи не може да биде повеќе од 12 часови во текот на денот.

(5) Работодавачот за видовите на работа од членот 5 став (2) точка б) од овој закон, може истовремено да ангажира најмногу до:

- најмногу 10 лица за работодавач кој има до 100 вработени;

- најмногу до 15% од вкупниот број на вработени, за работодавач кој има над 100 вработени.

(6) Работодавачот од членот 6 од овој закон не може да ангажира лице кое било во работен однос кај тој работодавач во период од 12 месеци пред ангажирање на истото лице согласно со овој закон.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, работодавачот може да ангажира лице доколку престанокот на работниот однос е поради исполнување на условите за старосна и семејна пензија.“.

Член 2

Во член 19 ставот (3) се менува и гласи:

„Работодавачот е должен пред почетокот на смената (прва, втора, трета) да поднесе пријава и да го пријави ангажираното лице.“

Член 3

Членот 23 се менува и гласи:

„(1) Ако инспекторот на труд при вршење инспекциски надзор утврди повреда на одредбите од овој закон за кои е предвидена прекршочна санкција согласно со членот 25 од овој закон, на субјектот на инспекциски надзор ќе му нареди, со решение за наредба, во соодветен рок да ги отстрани утврдените неправилности и за истото да го извести инспекторот, при што рокот го определува инспекторот согласно тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно за нивното отстранување. На сторителот на прекршокот ќе му даде предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог на одговорното

лице или на овластено лице кај работодавачот, согласно со Законот за прекршоците. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

(2) Ако сторителот на прекршокот ја плати одмерената глоба од прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на издавањето на налогот, ќе плати половина од предвидената глоба, а инспекторот на труд ќе ја запре постапката со констатација во записникот, согласно со закон.

(3) Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата од прекршочниот платен налог во рок од осум дена, инспекторот на труд ќе поднесе предлог за поведување прекршочна постапка пред надлежен орган, согласно со закон.

(4) Против решението за наредба на инспекторот на труд е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежен второстепен орган утврден со закон. Жалбата не го одлага извршувањето на решението за наредба.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог се пропишуваат со акт што го донесува министерот за економија и труд."

Член 4

Во член 25 став (1) во алинејата 1 зборовите: „став (2)" се бришат.

По алинејата 4 се додава нова алинеја, која гласи:

„- не постапи по решението за наредба на инспекторот од членот 23 став (1) од овој закон."

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работно ангажирање на лица содржи 5 члена.

Со членот 1 се предлагаат измени на членот 11 со цел да се продолжи максималниот период за работно ангажирање на лица за вршење работи од сезонска или повремена природа до 180 дена во текот на една календарска година за сите видови на работи од членот 5 од Законот. Оваа измена произлегува од потребите утврдени во практичната примена на законот, при што постојниот рок од 120 дена (односно 180 дена само за земјоделската дејност) се покажа како недоволен за дејноста на објектите за сместување и сервисните дејности за храна, која исто така има изразен сезонски карактер. Исто така со измената се бришат одредбите кои предвидуваа посебни ограничувања во однос на бројот на денови во кои истото лице може да биде ангажирано за сезонска работа (60 дена) и за повремена работа (15 дена месечно, односно 60 дена годишно). Дополнително се воведува нов модел на ограничување на бројот на истовремено ангажирани лица за видовите работа од објектите за сместување и сервисните дејности за храна. Според новопредложените одредби, работодавач кој има до 100 вработени може истовремено да ангажира најмногу до 10 лица, додека работодавач со над 100 вработени може истовремено да ангажира најмногу до 15% од вкупниот број на вработени.

Со членот 2 се отстранува непрактичното решение со три фиксни рокови за пријавување (10:00 за прва смена, 15:00 за втора смена и 22:00 за трета смена) и се воведува поедноставно правило според кое работодавачот е должен ангажираното лице да го пријави најдоцна пред почетокот на смената, односно најдоцна до 22:00 часот за лицата кои работат во ноќните часови. Со оваа измена се намалуваат административните оптоварувања кај работодавачите, а истовремено се обезбедува дека пријавата секогаш претходи на започнувањето со работа.

Со членот 3 се врши усогласување на членот 23 со одредбите на Законот за инспекциски надзор во однос на рокот за отстранување на утврдените неправилности определен од страна на инспекторот согласно тежината на недостатокот, штетните последици и времето потребно за нивно отстранување. Воедно, се предвидува дека рок за жалбата против решението за наредба од 15 дена од денот на приемот на решението.

Со членот 4 се менува членот 25 од Законот во делот на прекршочните одредби. И се додава нова алинеја, со која се предвидува прекршочна санкција за работодавач кој не постапил по решението за наредба на инспекторот од членот 23 став (1) од Законот.

Со членот 5 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се очекува да се постигне подобар ефект во практичната примена на Законот за работно ангажирање на лица. Проширените можности за работно ангажирање ќе им овозможат на работодавачите во дејностите со изразен сезонски карактер, преку поедноставени рокови за пријавување, да ги намалат административните оптоварувања и да обезбедат поефикасно организирање на работните процеси. Дополнително, со предложените законски решенија се врши усогласување со Законот за инспекциски надзор.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД**

## ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА, КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Член 11**

(1) Работодавачот од членот 6 од овој закон, може да ангажира лица за вршење работа од сезонска или повремена природа најмногу до 120 дена во текот на календарската година, сметајќи ги календарските денови од првата пријава во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до последната одјава, при што се бројат само деновите кога има работно ангажирани лица.

(2) Работодавачот за видовите на работа наведени во членот 5 став (2) точка а) може да ангажира лица за вршење работа од сезонска или повремена природа најмногу до 180 дена во текот на календарската година, сметајќи ги календарските денови од првата пријава во евиденцијата на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до последната одјава, при што се бројат само деновите кога има работно ангажирани лица.

(3) Работодавачот од членот 6 од овој закон, може да го ангажира истото лице за вршење на работа од сезонска природа најмногу до 60 дена во календарската година, независно дали работното ангажирање е со прекин или без прекин.

(4) Работодавачот од членот 6 од овој закон, може да го ангажира истото лице за вршење на работа од повремена природа последователно или со прекин најмногу до 15 дена во еден месец или најмногу до 60 дена во календарската година.

(5) Работодавачот од членот 6 од овој закон, не може да ангажира лице кое е во работен однос кај тој работодавач за вршење дополнителна или друг вид работа од сезонска или повремена работа.

(6) Лицето може да биде работно ангажирано кај повеќе работодавачи.

(7) Вкупното работно ангажирање на лицето кај сите работодавачи, не може да биде повеќе од 12 часови во текот на денот.

(8) Работодавачот за видовите на работа наведени во членот 5 став (2) точка б) од овој закон, може истовремено да ангажира најмногу до 10 лица или најмногу до 10% од вкупниот број на вработени лица кај истиот работодавач.

(9) Работодавачот од членот 6 од овој закон, не може да ангажира лице кое било во работен однос кај тој работодавач во период од 12 месеци пред ангажирање на истото лице согласно со овој закон.

(10) По исклучок од ставот (9) на овој член, работодавачот може да ангажира лице доколку престанокот на работниот однос е поради исполнување на условите за старосна и семејна пензија.

**Член 19**

(1) Евиденционата пријава во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица содржи:

- податоци за работодавачот,
- податоци за лицата кои се работно ангажирани,
- податоци за условите и начинот на работното ангажирање и
- податоци за почетокот и престанокот на работното ангажирање.

(2) Пријавување на работно ангажираното лице се врши на дневна основа или за календарски месец.

(3) Работодавачот е должен ангажираното лице да го пријави најдоцна до 10:00 часот, за лице кое работи во претпладневните часови (прва смена) или најдоцна до 15:00 часот, за лице кое работи во попладневните часови (втора смена), односно најдоцна до 22:00 часот доколку работи во ноќните часови (трета смена).

(4) Работодавачот е должен да поднесе нова пријава во согласност со роковите од ставот (3) на овој член, ако работно ангажираното лице кое е пријавено во календарскиот месец продолжи со работен ангажман и во наредниот календарски месец.

(5) Доколку работодавачот не го одјави работно ангажираното лице во календарскиот месец за којшто има пријава согласно со ставот (3) на овој член, ќе се смета дека тоа лице било ангажирано во текот на сите денови во календарскиот месец за којшто е поднесена евиденционата пријава, но не повеќе од 15 работни дена во текот на еден месец доколку е ангажман за вршење работа од повремена природа.

(6) За работен ангажман за вршење работа од сезонска природа не важи ограничувањето предвидено во ставот (5) на овој член.

(7) Ако престане работното ангажирање на лицето во календарскиот месец, работодавачот е должен да го одјави најдоцна до 10:00 часот, за лице кое работи во претпладневните часови (прва смена) или најдоцна до 15:00 часот, за лице кое работи во попладневните часови (втора смена), односно најдоцна до 22:00 часот, доколку работи во ноќните часови (трета смена), на денот на одјавата, при што одјавата може да се изврши или за тековниот ден или за сите наредни денови за коишто има поднесена евиденциона пријава или за конкретни наведени денови.

(8) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е должна податоците од евиденционите пријави и одјави на дневно ниво, да ги доставува до Управата за јавни приходи за да изготви пресметка за придонесите од задолжително социјално осигурување.

(9) Формата и содржината на образецот од ставот (1) на овој член, го пропишува министерот надлежен за работите од областа на економијата и трудот.

**Член 23**

(1) Ако инспекторот на труд при вршење инспекциски надзор утврди повреда на одредбите од овој закон за кои е предвидена прекршочна санкција согласно со членот 25 од овој закон, на субјектот на инспекциски надзор ќе му нареди, со решение за наредба, во рок од осум дена да ги отстрани утврдените неправилности и за истото да го извести инспекторот. На сторителот на прекршокот ќе му даде предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог на одговорното лице или на овластено лице кај работодавачот, согласно со Законот за прекршоците. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

(2) Ако сторителот на прекршокот ја плати одмерената глоба од прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на издавањето на налогот, ќе плати половина од предвидената глоба, а инспекторот на труд ќе ја запре постапката со констатација во записникот, согласно со закон.

(3) Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата од прекршочниот платен налог во рок од осум дена, инспекторот на труд ќе поднесе предлог за поведување прекршочна постапка пред надлежен орган, согласно со закон.

(4) Против решението за наредба на инспекторот на труд е дозволена жалба до надлежен второстепен орган утврден со закон. Жалбата не го одлага извршувањето на решението за наредба.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог се пропишуваат со акт што го донесува министерот за економија и труд.

**Член 25**

(1) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач – правно лице, глоба од 300 до 600 евра во денарска противвредност на среден работодавач – правно лице, глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач – правно лице, ако:

- ангажира лице на работи спротивно на членот 9 став (2) од овој закон,
- не го запознае лицето со условите за работа утврдени во членот 10 став (1) од овој закон,
- ангажира спротивно на одредбите од членот 12 став (1) од овој закон и
- не постапи во согласност со одредбата од членот 13 алинеи 2, 6, 7 и 9 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член, на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член, на работодавач – физичко лице.

(4) За изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, надлежна е прекршочната комисија формирана од страна на министерот надлежен за работите од областа на економија и труд.

(5) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на прекршочната комисија од ставот (4) на овој член се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

(6) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач – правно лице, глоба од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност на среден работодавач – правно лице, глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач – правно лице, ако:

- ангажира лице на работи спротивно на членот 5,
- не исплати паричен надоместок од работното ангажирање согласно со членот 15,
- не уплати данок и придонеси во согласност со овој закон и
- не постапи во согласност со одредбата од членот 13 алинеи 4 и 5 од овој закон.

(7) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (6) на овој член, на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(8) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (6) на овој член, на работодавач – физичко лице.

(9) За изрекување на прекршочните санкции од ставовите (6), (7) и (8) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.